**20101543173**

## АГЕНЦИЈА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, врз основа на член 15 став (3) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007 88/2008 48/2009 и 50/2010) и член 26 став (3) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2008 и 124/2010), на седницата одржана на 25.11. 2010 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПЕНЗИСКИ ДРУШТВА

Член 1

Во Правилникот за поблиските услови за основање на пензиски друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 138/2008) во членот 5 зборовите: „основачкиот капитал" се заменуваат со зборовите:„основната главнина".

Член 2

Во член 8 во ставот (1) се додава нова реченица која гласи:

„Доколку нема основач или основачи кои поседуваат 51% од основната главнина на пензиското друштво, тогаш сите основачи го исполнуваат овој услов."

Член 3

Во член 9 ставови (1) и (2) зборот: „капитал" се заменува со зборот: „главнина".

Во ставовите (3) и (5) зборовите: „основачкиот капитал" се заменуваат со зборовите: „основната главнина".

Во ставот (4) зборот: „капиталот" се заменува со зборот: „главнината".

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-2329/8
27 ноември 2010 година
Скопје

Претседател
на Управниот одбор,
**Анета Димовска**, с.р.